КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-200/2
29.03. 2023 год.

**ЗАПИСНИК**

Од редовната седница на Собранието на
Кошаркарска Федерација на Северна Македонија одржана на ден 29.03.2023 година
во 12:00 часот во Хотел Александар Палас, Скопје

**Поканети 45:**
КК МЗТ Скопје Аеродром ад, КК Работнички ад, МКК Еуро Никел 2005 ад, КК Кожув ад, ДСДКК Куманово 2009 ад, КК Навико Академија ФМП, КК Гостивар ад, КК Пелистер ад, КК ТФТ ад, КК Феникс 2010 ад, КК Чаир 2030 ад, КК Струмица 2022 ад,
ЖКК Бадел 1863, ЖКК Вардар, КК Крива Паланка, ЖКК Струга 2009, ЖКК МЗТ Скопје Аеродром, ЖКК Про баскет Академија, ЖКК Гостивар 2009, ЖКК Јанбор, ЖКК Шкупи, ЖКК Баскет кам 2011, ЖКК Куманово, КК Риниа,
МКК Куманово, КК МЗТ Скопје Аеродром, КК Ангели,КК Црн Дрим, КК Вардар, КК Борец Баскет, КК Шкупи, КК Баскет Кам, КК Водно санс, ГКК Охрид,
КК Мега баскет, КК Ролинг 08, КК Тетекс ТТК, КК Хераклеа, КК Спарта, КК Спорт тим,
Асоцијација на кошаркарски тренери, Здружение на млади категории, Асоцијација на играчи, Асоцијација на статистичари, Асоцијација 3х3.

**На седницата присуствуваа со валидни заверени полномошна 42:**
1. КК МЗТ Скопје Аеродром ад, претставник Филип Ѓоревски
2. КК Работнички ад, претставник Зоран Антиќ - Татко
3. МКК Еуро Никел 2005 ад, претставник Ванчо Филковски
4. КК Кожув ад, претставник Зафир Чучанов
5. ДСДКК Куманово 2009 ад, претставник Александар Крстевски - Кумашин
6. КК Навико Академија ФМП, претставник Михајло Маноилов - Кум
7. КК Гостивар ад, претставник Стојмир Дејановски
8. КК Пелистер ад, претставник Ѓорѓи Анакиевски
9. КК ТФТ Скопје ад, претставник Перо Антиќ - Претседател
10. КК Феникс 2010 ад, претставник Александар Димитровски - Вработен (директор Кале)
11. КК Чаир 2030 ад, претставник Ерхан Рамадан
12. ЖКК Вардар, претставник Бранко Андриевски
13. КК Крива Паланка, претставник Ирена Белешковска
14. ЖКК Струга 2009, претставник Владимир Ѓоровиќ
15. ЖКК МЗТ Скопје Аеродром, претставник Џељо Красниќ
16. ЖКК Про баскет Академија, претставник Светислав Антиќ
17. ЖКК Гостивар 2009, претставник Ѓорѓи Чековски - Вработен во КФСМ
18. ЖКК Јанбор, претставник Томе Јанчев
19. ЖКК Шкупи, претставник Енвер Мифтари
20. ЖКК Баскет кам 2011, претставник Димитар Ефтимовски - Потпретседател
21. ЖКК Куманово, претставник Горан Ѓорѓиевски - Кум
22. КК Риниа, претставник Славјанка Вирановска - Вработена во КФСМ
23. МКК Куманово, претставник Владимир Георгиевски - ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
24. КК МЗТ Скопје Аеродром, претставник Душан Манојловиќ
25. КК Ангели, претставник Благоја Кечовски
26. КК Црн Дрим, претставник Петар Чочороски
27. КК Вардар, претставник Никола Данев
28. КК Борец Баскет, претставник Горан Трпушевски - Вработен во КФСМ
29. КК Шкупи, претставник Бетим Рома

30. КК Баскет Кам, претставник Марјан Србиноски **- Спортски директор**
31. КК Водно санс, претставник Горан Андреевски
32. ГКК Охрид, претставник Гоце Митрески
33. КК Мега баскет, претставник Данаил Домлевски
34. КК Ролинг 08, претставник Венко Крстевски
35. КК Тетекс ТТК, претставник Славчо Марковски
36. КК Хераклеа, претставник Никола Николовски
37. КК Спарта, претставник Душко Вељановски **- Братучед**
38. КК Спорт тим, претставник Игор Шарац
39. Асоцијација на кошаркарски тренери, претставник Александар Јончевски
40. Здружение на млади категории, претставник Мирко Ивановски **- Вработен во КФСМ**
41. Асоцијација на статистичари, претставник Томе Дишлијев **- Вработен во КФСМ**
42. Асоцијација 3х3, претставник Драган Караџовски

Седницата ја отвори Претседателот на КФСМ, Перо Антиќ и притоа ги поздрави сите присутни членови на Собранието.

Се пристапи кон формирањето на комисиите на Собранието, како би можело истото да почне со работа.

Предлог за формирање Верификациска комисија:

1. КК Работнички ад, претставник Зоран Антиќ **- Татко**
2. Здружение на млади категории, претставник Мирко Ивановски **- Вработен**
3. ЖКК Куманово, претставник Горан Ѓорѓиевски **- Кум**

Предлогот за состав на Верификациска комисија беше без забелешки прифатен од сите присутни членови на Собранието со гласање 42-за.

Предлог за формирање Кандидациона комисија:

1. Асоцијација на кошаркарски тренери, претставник Александар Јончевски
2. КК Баскет Кам, претставник Марјан Србиноски **- Спортски директор**
3. КК Спарта, претставник Душко Вељановски **- Братучед**

Предлогот за состав на Верификациска комисија беше без забелешки прифатен од сите присутни членови на Собранието со гласање 42-за.

Предлог за формирање Работно претседателство:

1. Претседател на КФСМ, Перо Антиќ
2. КК Гостивар ад, претставник Стојмир Дејановски
3. КК Кожув ад, претставник Зафир Чучанов

Предлогот за состав на Работно претседателство беше без забелешки прифатен од сите присутни членови на Собранието со гласање 42-за.

Предлог за Записничар на Собранието:

Соња Спасовска, технички секретар на КФСМ.

Предлогот за записничар беше без забелешки усвоен од страна на сите присутни членови на Собранието со гласање 42-за.

Предлог за Оверувачи на записникот:

1. КК Риниа, претставник Славјанка Вирановска
2. Асоцијација на статистичари, претставник Томе Дишлијев

Предлогот за Оверувачи на записникот беше без забелешки усвоен од страна на сите присутни членови на Собранието со гласање 42-за.

Верификациската комисија пристапи кон разгледување на полномоштвата од членовите на Собранието и утврди дека од поканети 45 членки со право на глас, согласно Статутот на КФСМ, присутни со валидни полномоштва се 42.

Собранието може да започне со својата работа со вкупно 42 важечки гласа, а за донесување одлуки потребно е мнозинство од најмалку 22 гласа.

Се пристапи кон усвојување на предложениот Дневен ред за работа на Собранието:

**Прв дел:**

1. Усвојување на записникот од Собранието одржано на 05.09.2022 година;
2. Извештај за работата на КФСМ за 2022 година;
3. Финансиски извештај за 2022 година на КФСМ;
4. Разно.

**Втор дел:**

1. Констатирање на престанок на функција Претседател;
2. Избор на Претседател на КФСМ;
3. Избор на членови на Управен одбор на КФСМ;
4. Избор на Надзорен одбор на КФСМ;

Предложениот Дневен ред беше усвоен без забелешки со гласање 42-за.

**Точка 1**

Записникот од седницата на Собранието на КФСМ одржана на 05.09.2022 беше ставен за дискусија. Се усвои со гласање 42-за.

**Точка 2**

Генералниот секретар Владимир Георгиевски го претстави извештајот за работата на Федерацијата во 2022 година:

Во февруари сениорите одиграа двомеч против националната репрезентација за Грузија, на гостински и на домашен терен, а во јули ни преостанаа натпреварите против Шпанија на гостински терен и против Украина на домашен терен.
Сениорите не успеаја да запишат победа на овие натпревари поради што не обезбедија учество на СП 2023.
Во женска конкуренција, екипата на Баскет Кам 2011 го освои трофејот освоен една година претходно додека во машка конкуренција екипата на ТФТ запиша клупска историја осовјувајќи го првиот трофеј од државниот Куп.

Две победи на сениорската машка репрезентација, во КАЛЕ против Словачка и на гостински терен против Данска.
Старт на новата, трета сезона на проектот Her World Her Rules, еден од долгогодишните проекти на КФСМ кој има за цел да го поттикне психо-физичкиот развој кај најмладите девојчиња со заложба за обезбедување на квалитетно физичко воспитување преку кошарката.
Довербата од ФИБА за организиација на две младински Европски првенства ја оправдавме со успешна реализација на настаните кои ни беа доделени.
Првото првенство, за кошаркарки до 20 години (дивизија Б0 се одржа во Скопје, во периодот од 9. Јули до 17. Јули 2022 година. Национални тимови од 18 ралични држави од Европа, меѓу кои и Македонија, земаа учество на првенството кое заврши со промоција на тимовите на Црна Гора, Турција и Израел во дивизија А.
Кон крајот на летниот период, КФСМ повторно организираше младинско првенство, овој пат континенталниот собир во кадетската машка конкуренција за кошаркари до 16 години. Скопје повторно беше во центарот на вниманието на кошаркарските збиднувања кон крајот на летото односно од 12. Август до 20. Август. Шеснаесетте најдобри машки национални тимови од Европа се надигрувааа во арената при Спортскиот Центар „Борис Трајковски" како и во салата при СРЦ „Кале".
Септември го заокруживме со традиционалниот СУПЕРКУП. Во организација на КФСМ, Бадел 1862 го освои трофејот во женската конкуренција, МЗТ Скопје Аеродром во машката конкуренција.
Во мај 2022 година беше финализиран двегодишниот проект Basketball for Life Skills (BASKI) кој има за цел да развие програма за обука на тренери во кошарка, наставници по физичко образование и лидери во спортот и образованието за промовирање на практиката на кошарка кај учениците од основно училиште како средина за развој на животни вештини, со акцент на граѓанското учество и социјалниот придонес.Како дел до планираните активности, кои се составен дел од проектот „Baski" за тековната натпреварувачка сезона, тимот задолжен за реализација на планираното, го реализираше и последниот дел. Во салата на СРЦ „Кале" со присуство на повеќе од триесет тренери, беа реализирани завршните активности од проектот. Селекторот Александар Јованчев заедно со генерацијата на играчи родени 2008 демонстрираше неколку вежби поврзани со еден од модулите во рамки на проектот. Конкретно модулот креативност кој опфаќа теми за меѓусебна почит, решавање на проблеми кога ситуацијата изискува брзи решенија, несебичност, прецизни цели за остварување, дисциплина и инспирирање на соиграчите. Проектот се финализира со настан во Лимасол каде беа образложени сите активности на проектот, финансиските аспекти, а беше презентиран прирачник кој ќе им биде од корист на партнерите во проектот.
Кошаркарската Федерација продолжи да вложува напори за развој на женската кошарка и промоција кај најмладите кои допрва треба да го одберат животниот пат и кариера.
По поддржувањето на глобалната кампања „Her Game, Her Rules)", Кошаркарската Федерација и официјално се приклучи кон проектот „Her World Her Rules".
Во времетраење од една година, тимот при Кошаркарската Федерација организираше разни настани, наменети за девојчиња од 6 до 14 години. Преку кампањата се овозможи и перманентен и индивидуален професионален развој, изградување на етичките вредности, комуникацијата, соработката, тимската работа и почитувањето на другите.
Настаните опфатија основна едукација на базични правила на кошаркарска игра и здрав живот за најмладите, како и различни системи на натпреварување на постарите девојчиња опфатени во проектот. Проектот беше реализиран во текот на училишната година.
Кампот е дел од партнерскиот проект со ФИБА, насловен "Развој на играчи до 16 години".
Во Спортскиот рекреативен центар „Кале" се одржаа селективни тренинзи за годишниот национален спортски камп на КФСМ.

На селективните тренинзи присуствуваа учесниците од националниот камп кој се одржа минатата година во Маврово, од генерацијата 2008.
По завршување на селективните тренинзи беа објавени конечните листи со учесници на националниот спортски камп 2022 година, кој се одржа во периодот од 24 јуни до 4 Јули во Скопје. На истиот беа селектирани по 15 кошаркари од 2008 и 2009 генерација, како и по 15 кошаркарки од 2008 и 2009 генерација. Или вкупно 60. кошаркари кои заедно со 12 тренери, во салата на КК „Вардар" и салата во СРЦ „Кале" во Скопје, работеа под менторство на експерт тренерот Ненад Труниќ, и неколку наши млади и перспективни тренерски имиња.
Стартуваше новиот проект „Елиминирање на родовото насилство во кошарката". Со состанокот во Атина, означен беше почеток на европската програма за третман на злоупотреба и насилство врз деца и адолесценти-спортисти

Спортскиот директор Марјан Србиноски го претстави извештајот за работата на репрезентациите во 2022 година:

Машката сениорска репрезентација одигра два натпревари, против Норвешка и против Данска, во Гевгелија, како и два натпревари со Словачка и Норвепка. Со што успеа да обезбеди пласман во квалификациите за Евробаскет 2025 со само еден пораз во групата од претквалификациите. Тоа значеше и пласман во претквалификациите за Олимписките игри кои ќе се одржат во периодот од 12. До 20 август оваа година.
Женската сениорска репрезентација одигра два натпревари, една на домашен терен против Германија и една на гостински терен против Белгија. На овие два натпревари сениорките не запишаа победа.
Кошаркарската Федерација одлучи да ги пријави за учество сите младински репрезентации кои можат да се натпреваруваат во Европските Првенства на ФИБА односно во возрасните категории до 20, до 18 и до 16 години во машка и во женска конкуренција, во соодветната дивизија.
Како и претходните години, сите младински репрезентации се подготвуваа околу 40 дена, во Скопје, а одиграни беа и пријателски натпревари.

Извештајот за работата на Федерацијата за 2022 беше усвоен со гласање 42-за.

**Точка 3**
Генералниот секретар Владимир Георгиевски го претстави финансискиот извештајот за 2022 година. Во 2022 година беа вклучени сите репрезентативни селекции на подготовки и учество на Европски Првенства. Исто така во Скопје беа организирани и 2 Европски првенства, набавени се нови кошеви за слата Кале, додека во 2023 година
Реализирани приходи 120.018.583
Побарувања 12.700.100
Реализирани расходи 119.683.924
Обврски 4.445.558
Пренесено салдо од 2021 = 4.686.376

Финансискиот извештај за 2022 беше усвоен со гласање 42-за.

**Точка 4**
КК Водно санс постави прашање за промена на актите, поточно член 48 и 49 од Пропозициите за натпреварување, доколку поднесена жалба се усвои, уплатената административна такса да се врати на уплатувачот.

Одговорено беше дека прашањето ќе се разгледува на Управен одбор, и ќе биде вметнато во Пропозициите за натпреварување.

**По завршување на првиот дел од редовното Собрание, се пристапи кон вториот дел – изборното Собрание.**

**Точка 1**
Констатиран е престанок на функцијата Претседател на КФСМ за Перо Антиќ, со гласање 42-ЗА.

**Точка 2**
Перо Антиќ ја замоли Кандидациската комисија да ги собере канидатурите за претседател. Кандидациската комисија пристапи кон разгледување на кандидатурите за претседател на Федерацијата доставени од членовите на Собранието со право на глас и утврди дека се доставени се 23 кандидатури,,со предлог за претседател Перо Антиќ.

Се пристапи кон гласање за кандидатот Перо Антиќ за Претседател на КФСМ.

**Кандидатот ПЕРО АНТИЌ беше избран за Претседател на КФСМ, од страна на сите присутни членови со 41 гласа ЗА и 1 против.**

Претседателот се заблагодари на сите за укажаната доверба, со ветување дека ќе се работи уште понапорно во периодот кој што следува. Напомена дека веќе работиме на тоа да обезбедиме нови спонзори. посебно за прволигашите. Конечно, така како што беше поставено во програмата, конечно ќе има спонзор на Првата машка кошаркарска лига. Клубовите ќе бидат ослободени од доста трошоци. Главна цел во новиот мандат ќе биде да се работи подобро од претходниот. Целите се создавање на подобри услови за развој на младите. Младите се број еден и на сите треба да се концентрираме.

**Точка 3**
Претседателот го претстави новиот состав на Управниот одбор на КФСМ:

1. Перо Антиќ – претседател
2. Димитар Ефтимовски – потпретседател
3. Ѓорѓе Којновиќ – член
4. Илчо Мерџановски – член
5. Владимир Арсоски – член
6. Блаже Костадинов – член
7. Игор Мицевски – член
8. Алтин Малики – член
9. Амир Абед - член
10. Аднан Шариќ – член
11. Слободан Трајковски – член
12. Виктор Петрушевски – член
13. Бранислав Стојановски – член
14. Мустафа Ливарека – член

Членови по автоматизам:

15. Претставник од Прва лига мажи
16. Претставник од Прва лига жени
17. Претставник од Втора лига мажи
18. Претставник од Младински лиги
19. Претставник од здружение на тренери

Составот на Управниот одбор беше освоен со гласање 42 гласа ЗА.

Директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсоски му честиташе на претседателот за изборот на претседател, и му посака успешна работа. Предложи во иднина федерацијата да размислува за вклучување во Управниот одбор и жени, согласно политиката за родова еднаквост во Република Македонија.

**Точка 4**

Претседателот го претстави составот на Надзорниот одбор на КФСМ:

1. Филип Гривчевски – претседател
2. Душко Вељановски – член
3. Јанко Мишев – член

Составот на надзорниот одбор беше усвоен до гласање 42 гласа ЗА

Со тоа Претседателот ја затвори седницата на Собранието на КФСМ и истото ја заврши својата работа во 14:00 часот.

Претседател на КФСМ, Перо Антиќ

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

______________________________

Записничар, Соња Спасовска

______________________________

Оверувач на записник,
КК Риниа, претставник Славјанка Вирановска

______________________________

Оверувач на записник,
Асоцијација на статистичари, претставник Томе Дишлијев

______________________________